**20242103650**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 5 став (2) од Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница Тетово-Гостивар-Букојчани и проектот за автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10д (делница на Автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 163/21 и 111/23) и член 33 став (8) од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 283/23 и 169/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 октомври 2024 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПРОЕКТОТ КОРИДОР 8 И КОРИДОР 10Д ЗА 2024 ГОДИНА

1. Во Програмата за финансирање на патна инфраструктура за Проектот Коридор 8 и Коридор 10Д за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 18/24), во точката 1 зборовите „Министерство за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите „Министерство за транспорт“, а износот „15.100.000.000“ се заменува со износот „4.100.000.000“.

2. Во точка 3 зборовите „Министерството за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите „Министерството за транспорт“.

3. Во точка 4 зборовите „Министерството за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите „Министерството за транспорт“.

4. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-9623/4
8 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.